Автор: *Гонце Јаковлеска*
Датум: *јуни 2018 г.*
PDF: edna-godina-vlada-2018.pdf

Телевизија Телма и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) спроведоа истражувања на јавното мислење на тема: „Една година Влада“.

Истражувањето опфати генерална перцепција на граѓаните за работата на Владата, но исто така и по одделни сектори како што е правосудството, јавната администрација, образованието, здравството итн. Покрај ова, направена е и проверка на рејтинзите на политичките партии и нивните лидери. Таму каде што е било возможно, направени се споредби со податоците од претходните истражувања, па читателот може да види како растела или опаѓала поддршката во последната година.

Истражувањето е дел од проектот „Топ тема на ваша страна“ подржана од УСАИД. Анкетата ја спроведе агенцијата М-проспект.